Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 04-10884/2
01-11-2018г.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

До

**Агенција за администрација**

**Предмет: Достава на интерен оглас за унапредување, образецот за пријава за унапредување и барање за номинација на членови во Комисија за селекција за унапредување**

Почитувани,

Имајќи го предвид член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и член 1 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селкција и интервјуто како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ( "Службен весник бр.35/18") во прилог на овој допис Ви доставуваме Интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.6 за 3 работни места , како и образец за пријава за унапредување со цел истите да бидат објавени на Вашата веб страна на ден 06.11.2018 година. Рокот за пријавување на интерниот оглас бараме да биде во времетраење од 5 дена од денот на неговото објавување.

Воедно согласно член 50 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) Ве замолуваме да номинирате член и заменик член во Комисијата за селекција за унапредување од редот на административните службеници од Секторот за селекција на кандидатити за вработување во Агенцијата за администрација.

Со почит,

Прилог: Интерен оглас бр.6 и образец за пријава за унапредување.

Изработил: Маја Стојановска

МИНИСТЕР
Мила Царовска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 04-10884/1
01-11-2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11, член 30 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2018) , државниот секретар во Министерството за труд и социјална политика објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.6
## ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следните работни места :

**01.УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за социјално семејна и правна заштита на децата и семејството во Сектор за социјална заштита 1 извршител;**

Посебни услови за работното место за нивото Б4 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Правни науки, Социјална работа и социјална политика,

**02.УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за јавни и приватни установи од областа на социјалната заштита во Сектор за социјална заштита 1 извршител;**

Посебни услови за работното место за нивото Б4 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Економски науки, Социјална работа и социјална политика, социологија

За работните места **под реден број 01 и 02** кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:
- Најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во кои струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
-посебни работни компетенции за сите нивоа активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија англиски француски германски, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, потврда за положен испит за административно управување и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место.
Работни денови: од понеделник до петок; работни часови неделно:40
Работно време: со почеток на работно време помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток на истото помеѓу 15.30 и 16.30 а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.
Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво:28.303,денари

**03.УПР 0101В01000 Советник за Остварување права од постојана парична помош и еднократна парична помош во одделение за остварување на правата од социјална заштита во Сектор за социјална заштита - 1 извршител;**
Посебни услови за работното место за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Правни науки, Социјална работа и социјална политика, Економски науки
- Најмалку три години работно искуство во струката
-посебни работни компетенции за сите нивоа активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски и германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
Работни денови: од понеделник до петок; работни часови неделно:40
Работно време: со почеток на работно време помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток на истото помеѓу 15.30 и 16.30 а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.
Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво:25.023,денари

Кандидатите за работните места под реден број 01, 02 и 03 кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнувааат следните општи услови:
- Да е државјанин на Република Македонија;
- Да има општа здравствена способност за работното место;
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Да е оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување;

- Да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот огласили да е на работно место рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатот потребно е да поднесе пријава на службената електронска адреса на Секторот за управување со човечки ресурси и пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Министерството за труд и социјална политика до Сектор за управување со човечки ресурси.

Кандидатот, пријавата со потребните документи треба да ја достави во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас,
Кон пријавата кандидатот може да ги приложи:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или обуки како посетител на обука,
-потврда за успешно реализирано менторство(како ментор или менториран административен службеник)

Во пријавата кандидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА**

Изработил: Маја Стојановска

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА

ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1. Податоци за огласот:
- Број на интерниот оглас ______________________
- Реден број на работното место за кое се пријавува ______________________
2. Лични податоци за кандидатот:
- Име ______________________
- Презиме ______________________
-Припадност на заедница ______________________
- Вработен во Сектор ______________________
- Контакт телефон ______________________
3. Податоци за исполнување на посебните услови:
-Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС,
IV, VI, VII/1, VA 60-120кр., VI A-240 кр., VI Б-180 кр.
Вид на образование:
-Образование институција ______________________
- Насока ______________________
-Датум и број на диплома ______________________
-Податоци за работно искуство ------------години,месеци----------------
4.Податоци за оценување во последните 3 години пред објавување на интерниот оглас

______________________

______________________

______________________

5. Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас ______________________
6. Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас______________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образец за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ке достави докази, во оргинал или копија заверена кај нотар.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВАТА

______________________